Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ-СКОПЈЕ
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ
Примено: 02.07.2021
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 02 | 704/1 | / | / |


# ИЗВЕШТАЈ НА ДИРЕКТОРОТ ЗА РАБОТАТА НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОДОТ 27.6.2020 – 26.6.2021 ГОДИНА

Проф. д-р Зоран Јаневски

Директор на Економски институт – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

# ИЗВЕШТАЈ НА ДИРЕКТОРОТ ЗА РАБОТАТА НА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ – СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ЈУНИ 2020 – ЈУНИ 2021 ГОДИНА

Извештајот на директорит за работата на Економски институт – Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје опфаќа една година и се однесува на периодот од 27.6.2020-26.6.2021 година. Во текот на целиот овој период на работата на Институтот во голема мера влијаеше пандемијата предизвикана од Ковид-19 вирусот, при што, најмногу ова влијание се однесуваше на начинот на реализација на одредени активности (настава, научна и апликативна дејност, собири, седници на органите и телата на Институтот). Сите овие активности, во најголема мера, беа реализирани онлајн, со користење на електронски комуникациски средства, врз база на Одлуката за  начинот на реализација на дејностите на Економскиот институт – Скопје согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот Ковид-19 и Правилникот за начинот на реализација на дејностите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и единиците во неговиот состав согласно со мерките на надлежните органи во Република Северна Македонија за спречување на внесување и ширење на коронавирусот Ковид-19.

Вработените во Институтот своите работни активности ги реализираа со примена на препораките на Владата на Република Северна Македонија, Правилници на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Одлуки на Економски институт - Скопје за организирање на работниот процес со ротација на вработените и работа од дома. Согласно донесен Протокол за работа, дејствување и однесување на работното место во однос на просторните услови, физичкото растојание, носењето лична заштитна опрема и други заштитни мерки, одредени активности поврзани со дејностите на Институтот, особено во специфични случаи кога нивното реализирање не беше можно да се прави онлајн, или на барање на студенти на последипломски и/или докторски студии, се реализираа со физичко присуство.

Овој Извештај се однесува на активности и резултати на Економски институт - Скопје кои се превземени и остварени во извештајниот период поделени во следниве категории:

- Научно-истражувачка и стручно апликативна дејност
- Наставно-образовна дејност
- Меѓународна соработка
- Издавачка дејност и библиотечно работење
- Работа на Научниот совет, Институтската управа и други административни активности
- Работа на Одборот за соработка и доверба
- Финансиско работење

# 1. Научно-истражувачка и стручно апликативна дејност

## 1.1 Национални проекти и конференции

Во извештајниот период беа реализирани повеќе активности од научно-истражувачка дејност:

- Заврши реализацијата на научно-истражувачкиот проект „Можности за примена на концептот на зелена економија во МСП во Република Северна Македонија" финансиран од интегративниот фонд на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје по Конкурсот за доделување средства за финансирање на научно истражувачки проекти за 2019/2020 година.
- Започна реализацијата на научноистражувачкиот проект под наслов „Социо – економската состојба на населението во Северна Македонија во услови на пандемија мерена преку индикаторите за квалитет на живот", финансиран од средствата на УКИМ за научно истражувачки проекти за 2020/2021 година.
- Започна реализацијата на проектот со наслов „Дигиталната економија и влијанието на дигитализацијата врз бизнис моделите", финансиран од средства на МОН.

## 1.2 Меѓународни проекти и конференции

- Економски институт – Скопје и Институтот за економски науки од Белград, Србија, на 28 и 29 Октомври 2020 година одржаа Меѓународна конференција на тема: "Emerging Rends in Business Economics: Towards Competitiveness and Digitalization". Научните трудови беа презентираат во три тематски целини, и тоа: Конкурентност и глобален раст; Трендови во дигиталната економија; и Финансиски иновации и Fintech. Со оглед на епидемиолошката состојба со КОВИД19 пандемијата, конференцијата наместо во Белград се одржа онлајн, со користење на платформата Zoom.
- Започна изработката на „Среднорочна и завршна евалуација во рамки на проектот „Зголемување на граѓанско учество во дигиталната агенда – ICEDA"" финансиски поддржан од Европската комисија преку ИПА програмата и договор за Грант со референтен број IPA/2019-414-059
- Во организација на Економски институт – Скопје и Department of International Entrepreneurship при TOBB University of Economics and Technology од Анкара, Турција, на 19 Април 2021 година се одржа вебинар на тема: „Претприемнички предизвици во време на промени".

## 1.3 Стручно-апликативна дејност

Во рамките на стручно апликативната дејност на Институтот се реализираа следниве апликативни проекти:

- Изготвување апликација за учество на компанијата Аспром на јавниот конкурс на Фондот за иновации и технолошки развој за поднесување на предлог-проекти за финансирање под Инструментот за поддршка на Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст;
- Заврши реализацијата на проетот „Детална анализа на организационата поставеност на компанијата Термо Систем, изработа на детален опис на работни места, поставување на организациона структура, систем за надоместоци и систем на на гради на вработените";
- Учество на професори од Економски институт – Скопје како членови на жири и ментори на настанот „Хакатонот за отворени податоци" во рамките на Проектот УСАИД за граѓанско учество;
- Проценка на информатичка опрема – основачки влоф за отварање на фирмата Мега Пазар ДООЕЛ – Прилеп.
- Изготвени се понуди во повеќе постапки за доделување договори за јавни набавки.

## 1.4 Апликации на национални и меѓународни проекти

Во извештајниот период се подготвија следниве проектни апликации:

- Изготвена е апликација за проект со наслов „FEATURING EU: Youth Speaks on the Scenarios for the EU Recover" на повик на програмата на Европската комисија со наслов Europe for Citizens.
- Економски институт – Скопје на јавен повик на Министерството за животна средина и просторно планирање изготви една проектна апликација со наслов „Оценување на јавната свест за Глобалните цели за животна средина (Environment related SDGs) во Република Северна Македонија и изработка на информативно-едукативен материјал за нејзино подигнување".
- Економски институт – Скопје изготви проектна апликација на повик на ФИТР за доделување на средства преку програмата Иновациски ваучер со наслов „Унапредување на пласманот на новите производи на претпријатието Анета Компани".
- Изготвена е аплаикација DIGIMASTERS на европскиот повик во рамките на Erasmus Mundus Програмата за креирање на заедничка студиска програма на втор циклус на на студии по

Дигитална трансформација (Дигитална економија) во Конзорциум на универзитети од Истанбул, Милано, Будимпешта, Варшава, Литванија, Латвија, Малта и Бугарија.

- Изготвена е апликација на проект под наслов "Иновации и претприемништво во домените на дигитална трансформација, циркуларна економија и одржлив развој" по повик на програмата Horizon Europe - European Institute of Innovation and Technology (EIT), HEI Initiative: Innovation Capacity Building for Higher Education.
- Изготвена е понуда за Обука на економски советници за Директоратот за економска и јавна дипломатија при Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија.

# 2. Наставно-образовна дејност

Овој дел од извештајот ги опфаќа активностите кои се однесуваат на вториот и третиот циклус студии во Економски институт – Скопје за учебната 2020/21 година, а се однесуваат на:

- Спроведени конкурси и резултати од уписи на втор и трет циклус на студии за учебната 2020/21 година.
- Реализација на наставните активности на втор циклус студии за учебната 2020/2021 година и информација за самоевалуација за академската 2020/21 година.
- Одбранети магистерски трудови и докторски дисертации за 2020/21 година.
- Промоција на магистрирани студенти на Економски институт - Скопје
- Иницијатива за меѓународна соработка и мобилност во 2020/2021 година.
- Реализација на студии од трет циклус – докторски студии.

## 2.1 Спроведени конкурси и резултати од уписи на втор и трет циклус на студии за учебната 2020/21 година

Во учебната 2020/21 година на втор циклус студии на Економски институт – Скопје, на осумте студиски програми се запишаа вкупно 25 студенти. Бројот на запишани студенти на втор циклус студии по заедничкиот конкурс на УКИМ објавен во септември за учебната 2020/21 година е вкупно 12 студенти распределени по следниве студиски програми:

- Финансиски менаџмент (4+1) 4, (3+2) 1, односно вкупно 5 студенти;
- Меѓународен менаџмент (4+1) 2 студента;
- Претприемништво (4+1) 2 студента;
- Логистика на бизнисот (3+2) 2 студента;
- Бизнис менаџмент (3+2) 1 студент.

На дополнителниот конкурс во Февруари 2021 година се запишаа 13 студенти и тоа:

- Финансиски менаџмент (4+1) 5, (3+2) 2, односно вкупно 7 студенти;
- Меѓународна економија (4+1) 1 студент;
- Претприемништво (4+1) 1, (3+2) 1, односно вкупно 2 студента;
- Логистика на бизнисот (4+1) 3 студенти.

## 2.2 Реализација на наставните активности на втор циклус студии за учебната 2020/2021 година и информација за самоевалуација за академската 2020/21 година

Предавањата во зимскиот и во летниот семестар во академската 2020/21 година се реализираа во целост согласно годишниот план и предвидената динамика и согласно акредитираните наставни програми. Предавањата и останатите наставни активности, согласно Уредбите на Владата на РСМ и актите донесени од Министерството за образование и наука на РСМ, Ректоратот на УКИМ и Економскиот институт – Скопје во врска со спречување на ширењето на Ковид-19, се реализираа, главно со примена на средства за електронска комуникација. Истото важи и за одржувањето на испитите и одбраните на магистерските трудови, при што, сепак, по барање на студентите кои немаат услови за одржување на онлајн активности, согласно однапред подготвени протоколи за заштита од пандемијата, беа изведувани наставни и консултативни средби, како и одбрани на магистерски трудови со физичко присуство во просториите на Економски институт – Скопје.

Во извештајниот период успешно заврши постапката за повторна акредитација на студиската програма Менаџерска економија од втор циклус студии.

## 2.3 Одбранети магистерски трудови и докторски дисертации за 2019/20 година

Во извештајниот период, одбраните на магистерските трудови и докторски дисертации се одржуваа главно онлајн, со користење на електронски комуникациски средства, со исклучок на оние кандидати, кои по нивно барање, одбраните ги реализираа со физичко присуство во просториите на Економски институт – Скопје, со целосна промена на сите протоколи за заштита од Ковид вирусот. Така, во извештајниот период магистрирале вкупно 46 студенти, од кои 21 на на студиската програма Финансиски менаџмент, 14 на Логистика на бизнисот, 4 на Претприемништво, 3 на Меѓународна економија, 3 на Меѓународен менаџмент и 1 на студиската програма Бизнис менаџмент.

## 2.4 Промоција на магистрирани студенти на Економски институт – Скопје, Отворени денови и прв академски час

Во извештајниот период не се одржа заедничка промоција на магистрирани студенти на последипломските студии на Економски институт – Скопје, а не се одржа ниту настанот Отворени денови. Согласно одлуката на Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а заради протоколите кои се донесени за справување со Ковид пандемијата, дипломите на студентите за завршени магистерски и/или докторски студии се издаваа, на нивно барање, во било кој период од годината, без да се организираат и одржуваат промоции и доделување на дипломи со групно физичко присуство.

Во ноември 2020 година и март 2021 година, Економски институт – Скопје одржа Прв академски час за новозапишаните студенти на двата конкурса на вториот циклус студии во учебната 2020/21 година. Настаните се одржаа електронски на платформата Zoom, со учество и обраќање до новозапишаните студенти на Директорот на Институтот, Заменик-директорот за настава и финансии и раководителите на студиските програми на кои имаше запишано студенти.

## 2.5 Иницијатива за меѓународна соработка и мобилност во 2020/2021 година

Во извештајниот период се рализираа повеќе онлајн иницијативи за меѓународна соработка, од кои најзначајни се оние со:

- Институт економских наука, Београд, Србија;
- TOBB University of Economics and Technology, Ankara, Турција;
- Istanbul Commerce University, Istanbul, Турција

По Конкурсот во рамки на програмата ЕРАЗМУС + Акција 1: Индивидуална мобилност за студенти и наставен кадар за академската 2019/20 година, професор од Економски институт – Скопје требаше да помине една недела на студиски престој на Економскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Словенија. Поради состојбите со светската пандемија на Ковид-19 вирусот овој договор е ставен во мирување и во овој извештаен период, а на Конкурсот за академската 2020/21 година не се пријави кандидат од Институтот.

## 2.6 Реализација на студии од трет циклус – докторски студии

Економски институт – Скопје учествува во 4 студиски програми на трет циклус – докторски студии, и тоа: Економски науки, Организациски науки и управување (менаџмент), Статистички методи за бизнис и економија и Демографија.

Во извештајниот период се донесе нов Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со кој, кај студиските програми кои се организирани од две или повеќе единици на УКИМ, се воведе можноста за Кораководители на заедничките студиски програми и Претседавач на Советот на студиската програма. Врз основа на овој Правилник, на седниците на Советите на студиските програми по Економски науки и Организациски науки и управување (менаџмент) беа избрани кораковители на овие студиски програми од Економски институт – Скопје. Кораководителот на студиската програма по Организациски науки и упртавување од страна на Економски институт – Скопје стана и Претседавач на Советот со мандат во траење од една година.

Согласно одредбите на новиот Правилник се надминува неколкугодишниот проблем на Институтот кој немаше можност да остварува никаква финансиска придобивка од докторските студии.

Во периодот за кој се однесува овој Извештај се заврши постапката за повторна акредитација на студиските програми на трет циклус студии по: Економски науки, Организациски науки и управување (менаџмент) и Статистички методи за бизнис и економија.

На 36. седница на Советот на студиската програма за трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент) се донесе Одлука за организација на заедничка студиска програма на трет циклус студии по Организациски науки и управување (менаџмент), а на 50. Седница на Советот на студиската програма за трет циклус студии по Економски науки се донесе Одлука за за организација на заедничка студиска програма на трет циклус студии по Економски науки на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

# 3. Меѓународна соработка

- Остварена е средба во Скопје со деканот на Faculty of Economics and Business Administration, "Alexandru Ioan Cuza" University of IASI, Romania, Директорот на Center for Balkan Studies при истиот универзитет и Потпретседателот на националниот совет при General Union of Romania's Industrialists.

- Остварени се две работни средби во Белград со директорот на Institut Ekonomskih Nauka од Белград, Србија. Првата средба беше заради договарање на поединостите околу одржувањето на Меѓународната научна конференција која заеднички ја организираа двата институтa и се одржа на 28-29 октомви 2020 година. Втората средба послужи за сублимирање на впечатоците од конференцијата и, воедно, на таа средба се воспоставија и начелата за натамошната заедничка соработка на меѓународни проекти и други иницијативи.

- Економски институт – Скопје стана член на Network of Open Research Infrastructures in the Western Balkans (OA Network).

# 4. Издавачка дејност и библиотечно работење

Во текот на извештајната година Уредувачкиот одбор на меѓународното списание Economic Development, кое го издава Економски институт – Скопје, одржа вкупно 3 седници. ВО истиот период се издадени се два броја од списанието, и тоа:

- Economic Development - Економски развој, Year 23. No. 3/2020 - Journal of the Institute of Economics - Skopje, Skopje, December, 2020, ISSN 1857-7741;

- Economic Development - Економски развој, Year 24. No. 1/2021 - Journal of the Institute of Economics - Skopje, Skopje, December, 2019, ISSN 1857-7741.

Останати изданија на Институтот во извештајниот период се:

- Во соработка со останатите членки на меѓународната асоцијација SEEA во извештајниот период се објавени два броја на публикацијата на англиски јазик SEE-6 Economic Outlook, (Vol. 6 No.2, June 2020 и Vol. 7 No.1, May 2021);

- Пиперкова И. и А. Лозановска. 2020. „Вештини на вработените за конкурентност на мали и средни претпријатија", Економски институт - Скопје, Скопје, Северна Македонија.

- Ljumovic I. & I. Stanceva-Gigov (eds.). 2021. "Finance, Innovation and Technology: New Models and Structures", Institute of Economics – Skopje, Skopje, North Macedonia.

На размена се добиени 10 наслови на странски списанија, а библиотечниот фонд е збогатен и со 69 наслови на книги, од кои 51 се магистерски и докторски трудови одбранети во Економскиот институт – Скопје.

Работата на библиотеката во Економски институт е од затворен тип и нејзини главни корисници се вработените во Институтот. Покрај нив, корисници на библиотечниот фонд, се студентите на вториот циклус на студии и докторантите на Институтот.

Библиотечното работење ги опфати следниве активности: спроведување на техничка и компјутерска обработка на библиотечниот материјал и негова евиденција согласно важечките библиотечни стандарди; следење и применување на правилата и прописите од областа на библиотечното работење; подготвување на одбранети магистерски и докторски трудови за испраќање во НУБ „Св. Климент Охридски"; активности во врска со работењето на Уредувачкиот одбор за издавање на списанието „Economic development" („Економски развој") и други активности.

# 5. Работа на Научниот совет, Институтската управа и други административни активности

## 5.1 Работа на Научниот совет

Надлежностите, активностите и одлучувањето на Научниот совет се во согласност со надлежностите определени со Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18), Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 425/2019) и Статутот на Економскиот институт - Скопје („Универзитетски гласник" бр. 447/2019).

Во периодот од 27.6.2020-26.6.2021 година одржани се 12 седници на Научен совет (од 42. до 53. седница).

На седниците на Научниот совет се работеше по прашања кои произлегуваат од неговата законска и статутарна надлежност, при што доминираа точки во врска со тековното работење на Економскиот институт, а најмногу оние поврзани со реализацијата на последипломските и докторските студии.

Имајќи ги предвид промените во новиот Закон за високото образование, а во согласност со него и во Стаутот на Економскиот институт, Научниот совет е поставен во улога на носител на општите акти. Така, Научниот совет беше ангажиран во донесувањето на следниве неколку позначајни **акти** и реализацијата на низа други активности од **нормативно – правна природа**:

- донесена е Политика за отворен пристап на истражувачки ресурси на Економскиот институт - Скопје
- донесен е Правилник за внатрешната организација на Економскиот институт – Скопје;
- донесен е Правилник за систематизација на работните места на Економски институт – Скопје;

- донесен е Деловник за начинот на работа и одлучување на Научниот совет, Институтската управа, работните и стручните тела, на комисиите и внатрешните организациони единици на Економскиот институт во Скопје;
- усвоени се измени и дополнувања на Одлуката за плати и надоместоци на вработените во Економскиот институт – Скопје;
- усвоени се Правилата за студирање на втор циклус студии во Економскиот институт – Скопје;
- донесена е Одлука за утврдување на начинот за изведување на наставата на втор циклус на студии во зимскиот семестар во учебната 2020/21 година;
- усвоена е Завршна сметка за 2020 година;
- донесен е Финансиски план за 2021 година;
- разгледани се предлозите, мислењата и забелешките во врска со работната верзија на законот за научно-истражувачката дејност;
- одржана е јавна расправа по Нацрт-правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии - докторски студии на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Покрај донесувањето на овие документи, Научниот совет одлучуваше и по други прашања од својата надлежност, главно поврзани со одредени **избори**, односно:

- извршен е избор во наставно-научни звања на едно лице во звањето вонреден професор и на едно лице во звањето редовен професор.

Научниот совет, најголемиот дел од своите активности го насочи кон реализирање на **наставно – образовната дејност**, а особено во:

- одлучувањето по пријави за изработка на магистерски трудови и определување на ментори;
- формирањето на комисии за оцена на магистерски трудови;
- формирањето на комисии за одбрана на магистерски трудови;
- усвојување на корегираните елаборати за повторна акредитација на трет циклус на студии по економски науки, по статистички методи за бизнис и економија и по организациски науки и управување (менаџмент);
- донесувањето одлуки за организирање на заеднички студиски програми на трет циклус студии по економски науки, по статистички методи за бизнис и економија и по организациски науки и управување (менаџмент) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;

- одлучувањето по предлози од советите за докторски студии за релизирање на активностите на докторските студии на четирите акредитирани студиски програми на трет циклус студии на кои партиципира Економски институт – Скопје;
- други активности непосредно поврзани со реализирањето на наставно – образовната дејност.

Во делот на **научно–истражувачката дејност**, се издвојуваат следниве активности:

- донесување на одлука за аплицирање на Економскиот институт на меѓународен проект "Иновации и претприемништво во домените на дигитална трансформација, циркуларна економија и одржлив развој" по повик на програмата Horizon Europe - European Institute of Innovation and Technology (EIT), HEI Initiative: Innovation Capacity Building for Higher Education;
- донесување на одлука за аплицирање на Економскиот институт на меѓународен проект во рамките на Erasmus Mundus програмата за креирање на заедничка студиска програма на втор циклус студии по Дигитална трансформација (Дигитална економија) во конзорциум на универзитети од Истанбул, Милано, Будимпешта, Варшава, Литванија, Латвија, Малта и Бугарија;
- донесување на одлука за учество на Економскиот институт за изработка на среднорочна и завршна евалуација во рамките на проектот "Зголемување на граѓанското учество во дигиталната агенда - ICEDA" и определување на главни истражувачи;
- усвојување на предлог-проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со наслов „Социо – економската состојба на населението во Северна Македонија во услови на пандемија мерена преку индикаторите за квалитет на живот";
- усвојување на предлог-проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со наслов "Квалитетот на живот на населението во Република Северна Македонија во време на Covid-19 пандемијата мерен преку индикаторите за квалитет на живот";
- прифаќање на извештај за еден научно – истражувачки проект финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Научниот совет имаше и повеќе други активности, како на пример:

- формирање на рецензентски комисии за избор во звање;
- давање согласности за ангажирање на наставници од Институтот на други единици на УКИМ;
- усвојување на Извештајот на Комисијата за самоевалуација за периодот 2017/2020 година;
- усвојување на Извештајот на Комисијата за упис на студенти на втор циклус на студии во учебната 2020/2021 год во Економскиот институт-Скопје.

## 5.2 Работа на Институтска управа

Институтската управа ги остваруваше своите активности во согласност со надлежноста утврдена во Статутот на Економскиот институт („Универзитетски гласник" бр. 447/2019).

Во текот на извештајниот период, Институтската управа одржа вкупно девет седници (од 37. седница, заклучно со 45. седница).

Според точките кои беа поставувани на седниците на Институтската управа, може да се заклучи дека е расправано, главно, за прашања од тековно и финансиско работење. Како позначајни точки кои беа потавувани и по кои беше одлучувано на седниците на Управата може да се набројат: завршната сметка за 2020 година, финансискиот план за 2021 година, планот за јавни набавки за 2021 година (со дополнувања) и други прашања кои навлегуваат во финансиската сфера.

- Како и претходните години така и во изминатата извештајна година, најголем број на прашања кои беа предмет на одлучување на седниците на Институтската управа, секако, се прашањата кои се однесуваат на јавните набавки, односно донесување, покрај Планот за јавни набавки, и на поголем број на одлуки за отпочнување на постапки за јавни набавки. Така, донесени се вкупно 16 одлуки, во кои се и оние за повторување на постапката (набавка на ИТ опрема, хотелски и угостителски услуги).

- Во рамките на овие активности е и донесувањето на одлука за финансирање на одредени јавни набавки од буџетски средства. Потребата за донесување на оваа одлука е резултат на доделените средства од страна на Министерството за образование и наука во износ од 225.000,00 денари за набавка на материјали и ситен инвентар, а врз основа на доставено барање од страна на Економскиот институт (бр. 05 – 102/1 од 10.2.2021 година). Бидејќи овие средства треба да се искористат наменски, се донесе оваа одлука во функција на реализација на отпочнатите набавки (хартија за фотокопирање; компатибилни или еквивалентни тонери; ситен канцелариски материјал), за кои беа обезбедени сопствени средства, истите да се реализираат од добиените буџетски средства.

- Дел од активностите на Институтската управа беа насочени кон пописот на основни средства, ситен инвентар и потрошен материјал како и побарувањата, обврските и благајната за 2020 година. Во врска со тоа, формирани се од страна на Институтската управа и соодветни комисии кои успешно ја извршија својата работа.

- Институтската управа на својата 38. седница изврши и промена на член на Управата. Наместо дотогашниот член д-р Васил Поповски, определена е д-р Ирина Мајовски, со оглед на тоа дека таа е избрана за раководител на одделението за организациски науки и управување (менаџмент).

- Како обврска од Статутот на Економскиот институт, се донесе и одлука за организирање, работа, состав и начин на избор на Одборот за евиденција и соработка со дипломирани студенти во Институтот (алумни). Донесена е и одлука за избор на членовите на овој Одбор.

- Покрај овие основни активности, Институтската управа се занимаваше и со други прашања од значење за нормално функционирање на Институтот, како што се: донесување на одлука за утврдување на правото и висината на додатокот на основна плата за извршување на раководни функции, како резултат на новодонесениот Колективен договор за високото образование и наука; формирана е комисија за уништување на архивски материјал со истечен рок на чување како и други активности, иницијативи, предлози и информации за тековното функционирање на Економскиот институт.

## 5.3 Стручно - административни активности

Во Економскиот институт – Скопје, во Стручната и административната служба, како секојдневни обврски на вработените се одвиваа повеќе различни активности во согласност со надлежностите утврдени во Статутот на Економскиот институт и Правилникот за организација и работа на Институтот.

Во рамките на утврдената надлежност, Службата врши: стручни, административни, правни, технички и општи работи за потребите на Институтот, а кои се однесуваат на правните, општите и техничките работи заради подготвување на материјали за седниците на органите на Институтот и нивните помошни тела; следење и примена на законите, подзаконските акти и другите прописи и изготвување на правни акти во надлежност на органите на Институтот; архивско работење; спроведување на евиденции при упис на студенти и формирање, водење и чување на досиеја на студентите, водење матични книга на запишани и главни книги на дипломирани студенти; изготвување потврди, уверенија, дипломи и други исправи на студентите; изготвување статистички извештаи, анализи и прегледи за потребите на Универзитетот, Институтот и на надлежните државни органи и установи; спроведување на одлуките на органите на Институтот кои се однесуваат на правилата на студирање; следење на прописите од делокругот на работата и укажување на нивна примена; работи непосредно поврзани со подготвувањето, изменувањето и реализацијата на буџетот на Институтот; подготовка, прием и контрола на сметководствената документација; евидентирање на сметководствената документација; благајничко работење; пресметката на плати и други финансиски и сметководствени работи; собирање, уредување и распоредување на научната, студиската и стручната литература; други работи поврзани со библиотечното работење; и друго.

Имајќи ја предвид оваа општа надлежност, Стручната и административна служба, односно, деветте вработени во неа (од 28.12.2020, на конкурс, по претходно добиено Одобрение од Министерството за финансии беа вработени нови четири извршители во Службата), во извештајниот период (27.6.2020 година – 26.6.2021 година), конкретно се ангажирале и ги реализирале следниве активности:

### *5.3.1 Нормативно – правни работи*

Овој дел на активности, во изминатиот едногодишен период опфати:

- Изготвени се низа нормативно-правни акти (Правилник за внатрешната организација на Економскиот институт – Скопје; Правилник за систематизација на работните места на Економски институт – Скопје; Деловник за начинот на работа и одлучување на Научниот совет, Институтската управа, работните и стручните тела, на комисиите и внатрешните организациони единици на Економскиот институт во Скопје; Измени и дополнувања на Одлуката за плати и надоместоци на вработените во Економскиот институт – Скопје)
- изготвени се и доставени плановите за вработување за 2022 година, кои се во процедура во Универзитетот, Министерството за образование и наука и Министерството за инсформатичко општество и администрација;
- изготвени се повеќе одлуки, решенија и други акти како резултат на работата на Научниот совет, Институтската управа, Одборот за соработка и доверба, Уредувачкиот одбор и други органи и тела на Институтот;
- изготвени се повеќе акти од интерес за студентите (потврди, уверенија, дипломи, решавање на статусот на студент на повеќемина студенти);
- остварувана е секојдневна комуникација со студентите во поддршка на нивното студирање на Институтот и заради решавање на одредени нивни барања;
- остварувана е комуникација со Универзитетот, министерствата и други органи и институции, во функција на остварувањето на дејноста на Институтот;
- успешно се опслужени два инспекциски надзори од страна на Државниот просветен инспекторат;
- успешно е спроведена постапката за вработување на четири нови лица во Стручната и административна служба;
- вршени се и други секојдневни активности кои се од надлежност на Службата.

### 5.3.2 Материјално - финансиски и сметководствени работи

Материјално – финансиското и сметководственото работење се вршеше во согласност со важечките прописи во оваа област и, главно, ги опфати следните активности:

- Следење и применување на законската регулатива од областа на сметководственото и буџетското работење и финансиската контрола;
- подготвување на завршна сметка за Институтот и други извештаи од областа на финансиското работење и нивно доставување до надлежните органи;
- пресметка и изработка на плата за вработените во Економскиот институт;
- пресметка и исплата на авторски хонорари;

- изработка на годишен финансиски план и финансиски планови по квартали;
- пресметка и исплата на интегративни фунцкии кон Универзитетот;
- благајничко работење;
- водење на финансиско сметководство (аналитички и синтетички);
- подготвување и поднесување на налози за плаќање до Трезорската канцеларија на Министерството за финансии;
- изготвување на финансиски проекции за предлог буџетски пресметки за Економскиот институт;
- пресметка на даноците и други законски обврски на Институтот и подготвување на даночни пријави; и
- други активности кои се поврзани со финансиско – снетководственото работење.

### 5.3.3 Јавни набавки

Во делот на јвните набавки, во извештајниот период реализирани се повеќе активности, во согласност со донесените планови за јавни набавки за 2020/21 година.

Во извештајниот период се вршени и други бројни работни активности според потребите на работата и тоа: следење и применување на законската регулатива од областа на јавните набавки; подготвување на планот за јавни набавки и набавки од мала вредност; изготвување на одлуките за јавните набавки; објавување на огласи за јавни набавки; активности при работењето на комисиите за спроведување на постапките за доделување договор за јавни набавки; подготвување на потребните акти за реализација на набавките; испитување на пазарот за одделни набавки; изготвувани се евиденции на извршени тендерски постапки за потребите на БЈН; вршени се бројни порачки на стоки и услуги по веќе склучени договори за јавни набавки и слично.

Во извештајниот период се завршени или отпочнати следниве постапки за јавни набавки:

- Набавка на средства и предмети за потребите во чајна кујна и во тоалетите, по пат на набавка од мала вредност, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, делив тендер, за период од две години - реализиран;
- набавка на услуги за печатење на изданија, монографија и визит карти, за фотокопирање, укоричување и други слични услуги на печатење, по пат на поедноставена отворена постапка, со објава на оглас и спроведување на постапката преку ЕСЈН, што завршува со електронска аукција, за период од две години – реализиран;
- набавка на картонски футроли за дипломи (тутурутки) (мала вредност) – реализиран;

- набавка на услуги за оддржување на софтвер за сметководствено, финансиско и материјално работење (мала вредност) - реализиран;
- набавката на средство за дезинфекција и чистење – дезинтал - реализиран;
- набавка на професионален, занаетчиски универзален алат и на други слични стоки - реализиран;
- набавката на услуги за дезинфекција, дезинсекција и деритизација на објектот на Институтот – реализиран;
- набавката на услуги за сервисирање, контрола и полнење на противпожарни апарати - реализиран;
- набавка на информатичка опрема по пат на набавка од мала вредност, со објава на оглас и спроведување на постапката преку електронскиот систем за јавни набавки, со користење на електронска аукција;
- набавка на лиценца за софтвер за антивирусна заштита на компјутери - реализиран;
- набавка на хотелски и угостителски услуги;
- набавка на услуги за објава на огласи, конкурси, известувања и слично во печатени јавни гласила – дневен печат на македонски и албански јазик, по пат на набавка од мала вредност;
- набавка на телекомуникациски услуги за фиксна и мобилна технологија и интернет пристап, по пат на поедноставена отворена постапка;
- набавка на услуги од авторска агенција, по пат на поедноставена отворена постапка.

Две од овие постапки се повторуваат (за хотелски и угостителски услуги и за информатичка опрема).

### *5.3.4 Работи поврзани со студентските прашања*

Во вршењето на овие активности особено место заземаат следниве работи и задачи:

- вршење на прием и распоредување на пријавите за полагање испит на студентите;
- заверка и запишување на семестри;
- изготвување податоци за текот на испитните рокови;
- секојдневно комуницирање и давање неопходни упатства на студентите заради реализација на нивните активности на студиите од вториот циклус;
- подготвување на податоци за изготвување на уверенија, дипломи и други исправи на студентите;

- следење и применување на правилата за студирање и другие прописите од делокругот на работата и ги спроведуваа одлуките на органите на Институтот кои се однесуваат на делокругот на работата на Службата.

Покрај овие основни и секојдневни активности, во рамките на овие работи и задачи се вклучуваат и работите поврзани со водењето на матичните книги и други статистички податоци за потребите на органите и телата и изработката на пресметките за надоместоци за наставниот и ненаставниот кадар.

Особено место во активностите на извршителот ангажиран за студентските прашања се активностите поврзани со двата уписни рокови на вториот циклус на студии, во учебната 2020/2021 година. Имено, во септемврискиот и јануарскиот уписен рок, запишани се вкупно 25 студенти, од кои во септемврискиот уписен рок се запишале 12, а во јануарскиот 13 студенти. Од новозапишаните студенти, 20 студенти се на едногодишни, а 5 студенти на двегодишни студии.

### 5.3.5 Архивско работење

Архивското работење е во рамките на активностите кои се предвидени во актот за систематизација и, главно се остварувани следниве работи и задачи:

- вршење на помошно–стручни работи во врска со канцелариското работење на Институтот (прием, прегледување и распоредување, заведување, доставување, административно-техничко обработување, испраќање, разведување и класифицирање на документи/записи);
- одбирање на архивскиот од документарниот материјал; средување, евидентирање (попис и опис) и категоризација на архивскиот материјал; попишување на документарниот материјал на кого му изминал рокот за чување; уништување на предложениот документарен материјал; сместување, чување, заштита, обезбедување и користење на архивскиот и документарниот материјал во соодветен простор, стандардна опрема, техничко-технолошки средства и предавање на архивскиот материјал на трајно чување во Државниот архив;
- водење на основна евиденција на документите (деловодник) и помошни книги за евиденција на документите;
- користење и чување на печатите и штембилите;
- адресирање, ковертирање и подготвување материјали за доставување.

Покрај овие постојани активности, работата на архивата, односно архиварот се огледа и во секојдневна комуникација со студенти и други лица, доставување на разни документи на барање на студентите или другите лица, работа со телефонската централа, вршење на активности при уписот на студентите и сл.

# 6. Одбор за соработка и доверба

Со донесувањето на Статутот на Економскиот институт („Универзитетски гласник“ бр. 447/2019) се создадоа правни основи за формирање на Одбор за соработка и доверба. Во Статутот се итврдени и неговите надлежности како и структурата на ова институтско тело. Научниот совет на Економскиот институт, на 45. седница донесе и одлука за избор на членови на Одборот, а Одборот имаше и една (конститутивна) седница за одлучување за општествената оправданост на студиската програма по менаџерска економија (двегодишни студии).

Одборот за соработка и доверба, со оглед на променетата надлежност утврдена во Статутот, објективно има помалку ангажман, па оттаму, и малиот број на одржани седници.

# 7. Финансиско работење

Финансиското работење на Економскиот институт во текот на периодот 27.6.2020- 26.6.2021 година е прикажано преку остварените приходи, расходи и финансиски резултат на сопствената и на буџетската сметка.

Завршната сметка за 2020 година е разгледувана и усвоена на 50-тата седница на Институтска управа, одржана на 26.2.2021 год. и е донесена Одлука бр. 02-193/1 за усвојување на годишните сметки за 2020 год.

На сметката, сопствени приходи во 2020 година се остварени 16.387.521 денари. Вкупните расходи за истиот период изнесуваат 6.720.157 денари а пренесено салдо за 2021 год. изнесува 9.667.364 денари.

**ТАБЕЛА 1. ПРЕГЛЕД НА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ ОД СОПСТВЕНА СМЕТКА ЗА 2020 ГОДИНА**

| РЕД БР. | ОПИС | РЕАЛИЗИРАНО 2019 | РЕАЛИЗИРАНО 2020 |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварен вкупен приход | 22.128.834 | 16.387.521 |
| 2 | Остварени вкупни трошоци | 12.498.935 | 6.720.157 |
| 3 | Добивка пред оданочување | 9.629.899 | 9.667.364 |
| 4 | Данок на добивка | 0 | 0 |
| 5 | Распределба на добивката по оданочување (за пренос во наредна година) | 9.629.899 | 9.667.364 |
| 6 | Непокриени трошоци | 0 | 0 |

Средствата обезбедени од буџетската сметка се минимални за одвивање на тековното работење, така што Институтот прави постојани усилби за економично трошење на сопствените средства од каде се реализираат поголемиот дел на тековни и инвестициони активности. Речиси сите расходи (тековни и инвестициони) Институтот ги подмирува од сопствената сметка со исклучок на режиските трошоци.

Почнувајќи од месец јануари 2021 година додатокот на плата за минат труд на вработените во високообразовните установи почна да се исплаќа од страна на Министерството за образование и наука

(согласно известување бр.14-2026/1 од 03.02.2021 год.). Вкупниот износ на средства кој Институтот до тогаш го издвојуваше од сопствени средства на годишно ниво, заклучно со 31.12.2020 год. изнесуваше 1.610.544 денари.

Средствата обезбедени на буџетската сметка се реализирани според следниве намени:

## ТАБЕЛА 2. РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА НА БУЏЕТСКА СМЕТКА ЗА 2020 ГОДИНА

| РЕД БР. | ОПИС | РЕАЛИЗИРАНО 2019 | РЕАЛИЗИРАНО 2020 |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од Министерство за образование | 15.231.816 | 14.516.045 |
| 2 | Расходи за плати и надоместоци | 13.781.530 | 14.200.117 |
| 3 | Расходи за комунални услуги | 271.565 | 231.848 |
| 4 | Материјали и ситен инвентар | 30.000 | |
| 5 | Поправки и тековно одржување | 20.000 | |
| 6 | Договорни услуги | 40.000 | 29.000 |
| 7 | Трансфери при пензионирање | 0,00 | 55.080 |
| 8 | Реконструкција на деловен објект и мебел | 1.088.721 | 0 |

Скопје, 30.6.2021 година

Директор,

Д-р Зоран Јаневски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ
СКОПЈЕ